РОДОВА ПЕРСПЕКТИВА НА ПОТРЕБИТЕ, ПОЛИТИКИТЕ И БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП

# АНАЛИЗА 1

## Жените се дел од општината, колку нивните потреби се вклучени во локалните политики?

Имплементатор: Организација на жените на општина Свети Николе

Истражувачка за општина Пробиштип: Билјана Панева

Година: 2022

Авторка на анализата: Емина Токовиќ

Ко-авторки на анализата: Јасмина Трајчева, Александра Тодевска

**Овој документ е изработен со финансиска поддршка на Европската Унија. Нејзината содржина е единствена одговорност на авторите и во никој случај не ги одразува ставовите на донаторите.**
**Овој проект е поддржан во рамките на проектот „Низ женски леќи: покревање на политики и буџетски иницијативи, следење на спроведувањето на локалните акциски планови за родова еднаквост“ имплементиран од ЦРПМ (Водечки партнер), ЕХО Штип, Рурална коалиција, Лулуди и Новинари за човечки права; кој е финансиран од Европската Унија.**

# Содржина

1. Вовед
2. Методологија
3. Цели на истражувањето
    - Општа цел
    - Поединечни цели на истражувањето
    - Целна група на истражувањето
    - Структура на примерок
    - Анализа на резултати од спроведеното истражување
4. Заклучок

# ВОВЕД

Граѓанското учество се однесува на тоа како поединците и групите се вклучуваат во нивната заедница. Демократскиот концепт на активно граѓанско учество подразбира граѓаните и граѓанките активно да ја следат работата на нивните избраници и постојано да се вклучуваат во креирањето на локалните политики. Процесот на децентрализација бара висок степен на учество на граѓаните во креирањето на локалните политики.

Највисоко ниво на граѓанско учество е кога граѓаните и граѓанките редовно учествуваат во дискусиите за проблемите кои нив ги засегаат и предлагаат можни решенија. Иако постојат различни механизми за вклучување на граѓаните во процесите на креирање на локални политики, сепак нивното учество во овие процеси е на многу ниско ниво.

Жените и девојките имаат помалку можности и затоа поретко или воопшто не ги користат механизмите на учество на локално ниво. Нивната неинформираност, како и ограничен пристап ги прави пасивни во локалната средина и придонесува кон исклучување на нивните потреби од локалните политики. Учеството на жените во креирањето на локалните политики е неопходно за вклучување на нивните интереси и потреби во локалните политики. Во спротивно, политиките кои би се донеле од страна на локалната самопурава без учество на жените се сметаат за неинклузивни и недемократски.

Согласно правната поставеност, единиците на локална самоуправа се најблиску до граѓанките и имаат посебна одговорност за унапредувањето на квалитетот на живот во нивните локални заедници.

Со цел да се надмине неактивноста на жените потребно е да се промовираат можностите за нивна влклученост, да се зајакнат нивните капацитети и да се изнајдат начини кои би биле лесно достапни на жените и со кои би се поедноставил нивниот пристап кон креирање на локалните политики. Сето ова, од една страна бара поголеми напори од страна на локалните самоуправи, но од друга страна овозможува локалната самоуправа да спроведува процеси кои се демократски и инклузивни.

Ова анкетно истражување го спроведе Организација на жените на општина Свети Николе во рамките на проектот „Родова перспектива на потребите, политиките и буџетот на општина Пробиштип“ – регрантиран од Центар за истражување и креирање политики – Скопје преку проектот „Низ женски леќи“ финансиски поддржан од Делегацијата на ЕУ во Скопје.

Организација на жените на општина Свети Николе во рамките на проектот „Родова перспектива на потребите, политиките и буџетот на општина Пробиштип“- регрантиран од Центар за истражување и креирање политики - Скопје, преку проектот „Низ женски леќи: покревање на политики и буџетски иницијативи, следење на спроведувањето на локалните акциски планови за родова еднаквост“ финансиран од Европската Унија преку програмата Support to Civil Society Networks and Platforms in the Republic of North Macedonia, спроведе истражување за прибирање податоци за пристапот до информации на жените и девојките од општина Пробиштип, за настани, случувања, промени и активности во нивната локална заедница.

# Методологија

Ова анкетно истражување се реализираше преку теренско истражување на репрезентативен примерок од 150 жени и девојки од општина Пробиштип, вклучително и поголемите рурални средини и електронско спроведување на анкетата на дополнителни 31 испитаничка. Теренското анкетирање беше реализирано од страна на искусна анкетарка на која и е познат локалниот контекст. Анкетниот прашалник го изготви тим од ОЖОСВН, а истиот беше одобрен од менторката Бети Пеева од ЕХО-Штип, која е партнерска организација на ЦРПМ во процесот на реализација на проектот.

Наодите содржани во оваа анализа се добиени со сумирање на добиените анкетни прашалници (теренски и електронски) и понатаму ќе се употребат за застапување на жените и девојките пред локалните власти, со цел изнаоѓање и воведување на соодветни начини на информирање, а со тоа и вклучување на жените и девојките во консултативните процеси и креирањето политики на локално ниво.

Истражувањето беше спроведено на 181 испитаничка во периодот помеѓу 15ти јуни и 15ти јули 2022 година. Теренската истражувачка имаше однапред зададени квоти според возраст и место на живеење за жени и девојки кои треба да бидат опфатени во истражувањето.

- Структурата на прашалникот најпрво ги дава демографските карактеристики на испитаничките и тоа според следниот редослед: возраст, степен на образование, етничка припадност и нивниот работен статус.

Понатаму содржи затворени прашања со избирање на еден одговор од понудените можности. Прашалникот содржи и т.н. „полу-отворени" прашања, каде покрај понудениот одговор, се бара да наведат и конкретна информација од нивна страна. Едно прашања е со систем на рангирање за најсоодветен начин на информирање на жените и девојките според зачестеност на употреба, како и можност за исказ и рангирање.

# Цели на истражувањето

## 1. Општа цел

Анкетното истражување има за цел да се согледа нивото на вклучување во консултативни процеси при креирање локални политики и информираност на жените и девојките во општина Пробиштип

## 2. Поединечни цели на истражувањето

- Да се подготви анализа за консултативните процеси и вклучувањето на девојките и жените во креирање локални политики од страна на општина Пробиштип
- Да се издвојат препораки за вклучување на девојките и жените во процесот на креирање на локалните политики

## 3. Целна група на истражувањето

Девојки и жени од општина Пробиштип и руралните средини во општина Пробиштип на возраст од 15 до 62+ години

## 4. Структура на примерок

Анкетното истражување е спроведено во општина Пробиштип и поголемите рурални средини кои припаѓаат во оваа општина. Анкетата беше спроведена теренски, со директни посети на испитаничките и онлајн во период од 15 јуни до 15 јули 2022 година. Вкупниот број на испитанички опфатени со ова истражување е 181, од кои 150 се опфатени теренски преку директни средби, а 31 испитаничка анкетниот прашалник го одговориле онлајн.

## Возраста на испитаниците е во опсег од 15 години до 62+ години, односно:




- **15 – 18 години** - 16 испитанички или 8,8%
- **18 – 30 години** - 40 испитанички или 22,1%
- **31 – 40 години** - 38 испитанички или 21%
- **41 – 50 години** - 36 испитанички или 19,9 %
- **51 – 62 години** - 22 испитанички или 12,2%
- **62+ години** - 19 испитанички или 11%

## Етничка припадност




- **Македонка** – 176 испитанички односно 97,2% од вкупно анкетираните се изјасниле како македонки
- **Ромка** – 2 испитанички или 1,1% се изјасниле како ромки
- **Влаинка** – 3 или 1,7% од испитаничките се изјасниле како влаинки

Ова е и реалната слика на етничката припадност на ниво на општина Пробиштип, според Државниот завод за статистика и последниот попис на население, каде 98,6% од населението се изјаснило дека припаѓа на македонската етничка заедница.

## Работен статус




- **Ученичка** – 14 испитанички или 7,7%
- **Студентка** – 12 испитанички или 6,6 %
- **Невработена** – 24 испитанички или 13,3%
- **Вработена** – 100 од испитаничките или 55,2%
- **Пензионерка** – 18 испитанички односно 9,9%
- **Домаќинка** – 13 испитанички или 7,2%
- **Стечајка** – 1 испитаничка или 0,6%
- **Работи на црно -** 1 испитаничка или 0,6%

## Место на живеење




- **Пробиштип** – 105 испитанички односно 58%
- **Рурална средина** – 76 испитанички односно 42%

Соогледна на процентуалната населеност во градот и руралните средини, вклучително и приградските населби при спроведување на анкетното истражување се водеше сметка за процентуалната застапеност на испитаничките според местото на живеење.

# 5. Анализа на резултати од спроведеното истражување

**Прашање 1: Дали до сега некој од општина Пробиштип (Комисија за еднакви можности меѓу мажите и жените, кординаторка за еднакви можности, советници, Градоначалник и сл.) Ве има контактирано со цел да се консултираат/информираат за Вашите потреби и проблеми со кои се соочувате како девојки/жени?**




**ДА – 3%**
**НЕ – 97%**

Од добиените одговори на ова прашање, може да се заклучи дека процес на консултации и информирање од страна на релевантните локални институции и механизми кон жените и девојките, речиси и да не постои. Дури 97% од испитаничките, одговориле дека до сега никој ги нема контактирано со цел идентификување на нивните потреби и проблеми, а само 5 испитанички или 3% се изјасниле дека некогаш биле контактирани. Ова е показател дека жените и девојките од општина Пробиштип воопшто не се консултирани при процесите на креирање било какви локални политики.

**Прашање 2: Доколку одговоривте потврдно на претходното прашање, колку често ве контактираат?**




**Често – 20%**
**Еднаш неделно – 20%**
**Два пати годишно – 20%**
**Изборни кампањи – 40%**

Од петте испитанички кои одговориле потврдно на претходното прашање, односно дека некогаш биле контактирани од страна на претставник од општината, се изјасниле дека тие контакти и посети најчесто се во период на изборни кампањи. Ова го потврдува фактот дека локалните политичари излегуваат на терен само во пресрет на нивните изборни кампањи.

**Прашање 3: На кој начин најчесто ве контактираат?**




**Телефонски – 20%**
**Директни средби – 20%**
**Изборни кампањи – 60%**

Како најчести начини на кои се остваруваат контактите/консултациите, повторно доминираат одговорите дека тоа се случува во период на изборни кампањи и за овој одговор се изјасниле 60% од испитаничките.

**Прашање 4: Дали сакате да ве контактираат за да ги испитаат Вашите потреби и проблеми со цел да се унапреди квалитетот на живот во Вашата заедница?**




**ДА – 61%**
**НЕ – 12%**
**Понекогаш – 27%**

Според одговорите на ова прашање може да се заклучи дека жените и девојките сакаат да бидат консултирани и да ги искажат своите потреби и проблеми за да бидат вклучени во локалните политики. Повеќе од половина од испитаничките или 61% од нив се изјасниле дека сакаат да бидат контактирани/консултирани со цел идентификување на нивните потреби и унапредување на квалитетот на живот во нивната заедница, а 27% се изјасниле дека сакаат понекогаш да бидат контактирани, наспроти само 12% од испитаничките кои се изјасниле дека не сакаат да бидат консултирани од претставници на општината.

**Прашање 5: На кој начин Вие би сакале да бидете контактирани/консултирани?**




- **Директни средби – 34%**
- **Анкетни прашалници – 20%**
- **Фокус групи – 8%**
- **Телефонски – 32%**
- **Картички за потребите/проблемите – 3%**
- **Не сака да биде контактирана – 3%**

Врз основа на одговорите на ова прашање може да се заклучи дека различни целни групи на жени и девојки имаат потреба од различен пристап и алатки при спроведување на консултативните процеси на локално ниво. При тоа, директните консултативни средби и директниот телефонски контакт се издвојуваат како најсоодветни начини за консултации и комуникација за 34% односно 32% од испитаничките, а потоа следат анкетните прашалници кои се најсоодветни за 20% од испитаничките, како и фокус групите и картичките за испитување на потребите во значително помал процент. Само 3% од испитаничките не сакаат воопшто да бидат контактирани, што е навистина значително мал процент на жени кои не сакаат да бидат консултирани, наспроти оние што сакаат но немаат можност за тоа.

**Прашање 6: Дали до сега сте учествувале во процесите на креирање и усвојување на локални политики и програми на општина Пробиштип?**




- **Да, повеќе пати – 2%**
- **Да, еднаш – 0%**
- **Да, на состаноци на месна заедница – 4%**
- **Да, на консултативни средби со претставници од општината – 1%**
- **Да, преку анкета – 0%**
- **Да, преку политичка партија – 4%**
- **Не, никогаш немам учествувано – 88%**
- **Редовно учествував додека бев во работен однос – 1%**

Невклучувањето на жените во процесите на донесување одлуки и креирање политики во општина Пробиштип е евидентно и од одговорите на ова прашање. Дури 88% или 162 испитанички, се изјасниле дека никогаш не учествувале во овие процеси и со тоа воопшто не им се познати процедурите и механизмите за нивно активно вклучување во креирањето на локалните политики и програми на општина Пробиштип.

**Прашање 7: Дали навремено сте информирани за сите настани, процеси на донесување одлуки, промени и активности во вашата општина?**




- **Да, во голема мера – 5%**
- **Да, до одредена мера – 15%**
- **Малку – 27%**
- **Воопшто не сум информирана – 53%**

Што се однесува на процесот на информирање на девојките и жените од општина Пробиштип, 53% од испитаничките воопшто не се информирани за настани, процеси на донесување одлуки, промени и активности во општината, а само 5% се навремено информирани за се што се случува во нивната локална заедница.

Процесот на навремено информирање преку различни алатки за да се дојде до различни целни групи е еден од клучните механизми за да се вклучат повеќе жени и девојки во процесите на креирање локални политики и донесување одлуки во општина Пробиштип.

**Прашање 8: Кој начин сметате дека е најсоодветен за ваше информирање?**




- **Писма и соопштенија – 15%**
- **Локален медиум – 11%**
- **Состанок на месна заедница – 15%**
- **Претседател на месна заедница – 6%**
- **Блиски членови од семејството и пријателите – 11%**
- **Претставници од политички партии – 15%**
- **Социјални медиуми – 5%**
- **Официјална веб страна на општината – 12%**
- **Мобилна апликација – 10%**

Одговорите на ова прашање се разнолики, што само го потврдува фактот дека за различни категории на жени се потребни различни алатки за информирање. Од добиените одговори, најсоодветни за информирање на жените и девојките со по 15% од испитаничките се издвојуваат: информирање преку писма и соопштенија, преку претставници на политички партии и состаноци на месните заедници, потоа следуваат: официјалната веб страна на општината, блиски членови од семејството и пријателите, локален медиум и мобилна апликација.

## 6. Препораки

Врз основа на истражувањето може да се извлечат препораки кои во согласност со потребите на жените ќе придонесат кон нивна поголема информираност и вклучување во различни процеси на локално ниво, а за кои е потребно понатамошно застапување пред локалните власти за да може истите од препораки да преминат во пракса.

- Локалната самоуправа да воспостави систем за консултирање/вклучување на девојките и жените во процесите на креирање на локални политики за прашања од ниевен интерес;
- КЕМ и релеванти локални креатори на политики, редовно да ги испитува и следи потребите на девојките и жените од општина Пробиштип;
- Да се поттикнат и охрабрат жените, активно да се вклучат во работата на месните и урбаните заедници, а со тоа и во донесувањето на одлуки на локално ниво;
- Да се едуцираат жените и девојките за можностите и начините како да се вклучат во процесите на креирање локални политики и донесеување одлуки;
- Да се спроведе кампања за промоција на бенефитите од активното учеството на девојките и жените во креирањето на локалните политики доколку се активни креатори на локални политики;
- Да се промовираат можностите и механизмите за вклучување на девојките и жените во креирање на локални политики и буџети;
- Да се актуелизира работата на месните и урбаните заедници со цел подобро информирање на девојките и жените;
- Локалната самоуправа да воспостави систем за информирање на девојките и жените за прашањата од ниевен интерес и сите актуелни процеси и случувања на локално ниво.

This project is funded by the European Union

# Заклучок

Од спроведената анализа може да се заклучи дека жените и девојките од општина Пробиштип, воопшто не се консултирани и со тоа вклучени во процесите на креирање локални политики. Генерално пристапот до информации на жените и девојките за настани, случувања, промени и активности во нивната локална самоуправа е ограничен, односно нема соодветни механизми и алатки каде да се информираат и никој не се грижи за да достави навремена информација до сите жители во општината.

Жените и девојките добиваат одредени информации за настани, промени и активности во нивната општина, но тоа не е редовно, навремено, достапно и соодветно канализирано. Најчесто процесот на информирање и консултации е во перидот на предизборните кампањи.
Како најдобри пристапи за информирање кои што се и најлесно достапни за жените и девојките се информирањето преку писма и соопштенија и директните средби со претставници од политичките партии и месната заедница.
Воопшто не е за занемарување фактот дека е голем процентот на жени и девојки кои се изјасниле дека сакаат да бидат консултирани за нивните проблеми и потреби и вклучени во локалните процеси на креирање и донесување политики. Па од тука може да се заклучи и дека жените и девојките имаат желба, мотивација, потреба да си ги искажат своите проблеми, да учествуваат и бидат дел од заедничко креирање на подобри услови за живот во заедницата за сите. Ова, исто така, покажува и потреба дека треба поактивно да се работи на терен со жените и девојките, одблиску да се запознаат со своите права и должности како граѓанки на една заедница, достапните механизми за делување и застапување на своите потреби пред релевантните локални власти.